РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 08-18
Скопје 27.01.2020 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот на овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, м-р Драгица Љубевска, Уп1 бр.08-18 од 14.01.2020 година, а согласно Заклучокот, бр.02-368/2 од 27.01.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 27.01.2020 година, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-18 од 14.01.2020 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата на 3-та седница одржана на 15.01.2020 година, со Заклучок, бр.02-224/2 од 15.01.2020 година, го усвои Предлогот на овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, м-р Драгица Љубевска, Уп1 бр.08-18 од 14.01.2020 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.08-64 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Писмениот извештај наш арх.бр.05-222/1 од 14.01.2020 година, беше констатирано дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), односно не извршил доплата на износ на надоместокот за дозвола за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно доставената Фактура бр.2019-100-0219 од 11.12.2019 година издадена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 15.01.2020 година до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис - Известување Уп1 бр.08-18 од 15.01.2020 година, со кој беше известен дека доколку не го платi годишниот надоместок за дозволата за

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).

радио емитување, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-18 од 14.01.2020 година за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

На 27.01.2020 година до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување, арх.бр.05-222/2 од 27.01.2020 година дека ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, на 24.01.2020 година извршил уплата во износ од 140.814,00 (сточетириесетилјадииосумстотиниичетиринаесет) денари со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), во врска со Предлогот на овластеното лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, м-р Драгица Љубевска, Уп1 бр.08-18 од 14.01.2020 година, а согласно Заклучокот, бр.02-368/2 од 27.01.2020 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5-та седница одржана на 27.01.2020 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Управителот на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).